На 28 февруари 2024 година, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со организацијата Плеиадес, ја организираа тркалезната маса на тема „Улогата на жените верски лидерки во процесите на спречување насилен екстремизам (СНЕ) и ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција (РРР): размена на искуства меѓу Македонија и Албанија“.



Пред присутните верски лидерки од Скопје, Гостивар и Тетово воведни обраќања имаа Златко Апостолоски, Национален координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ), Муаз Агуши, Продекан на Факултетот за исламски науки, Скопје, Мерал Мусли Тајроска, претседателка на Плеиадес и Александар Кржаловски, директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

За предизвиците на религиското советување на странските борци повратници и нивните семејства зборуваше проф. д-р Ана Ука од Универзитет Бедер од Тирана, Албанија. Таа се осврна на институционалната поставеност и во таа смисла на Центарот за насилен екстремизам кој функционира од 2011 година и има координативна улога. Центарот го управува кабинетот на премиерот, а се финансира од државниот буџет. Таа истакна дека во моментов работат со жените и децата на странските терористички борци, бидејќи само тие се вратиле во земјата. Ука смета дека за рехабилитирање на мажите се потребни посебни услови кои во моментов земјата ги нема. Според неа, Исламската заедница треба да има многу активна улога во процесот на РРР на жените и децата. „Не е се во услугите од државата“, вели таа, „ако главен фактор за радикализација и заминување во Сирија и Ирак била верската идеологија, тогаш мора да се работи на тоа поле“, нагласи таа.



Потребата од сериозна помош од Исламската верска заедница (ИВЗ) ја потенцираше и д-р Жаклина Просароска, од Бирото за јавна безбедност при МВР и член на НКСНЕБПТ. Таа се осврна на враќањето на жените и децата во заедниците по репатријацијата што

ја направи државата и на потребата да се подготват нивните семејства и самата заедница. Просароска го истакна потенцијалот на жените во работата на овие теми и ги охрабри присутните да се вклучат во поддршката во соработка со институциите. „На локално ниво ни се потребни луѓе кои што имаат интегритет и жени кои имаат изграден позитивен имиџ во своите заедници за да им пристапат луѓето и нивните семејства", додаде таа.

Фатма Карај, теолог и член на извршниот одбор на Меѓурелигискиот совет на Албанија се осврна на своите искуства од работата со жени вратени во Албанија, таа истакна дека работела само неколку месеци и имала многу предизвици. Работела со жени и со деца но не со младинци бидејќи тоа не било дозволено од нивните мајки. Според неа, причините заради кои заминале во Сирија и Ирак се економските услови, религиска индоктринација и надеж за подобра иднина. Во работата со нив таа идентификувала неколку проблеми како што се: неактивност во општеството, традиционалната улогата на жената, рани бракови на девојчиња, недостаток на образование, ниска или никаква вработеност, психолошка напнатност, страв кај децата итн. Карај вели дека жените повратнички имаат строго толкување на верските текстови и дека според нив, се е забрането, а својот престој таму тие го доживуваат како света мисија. Резултатите кои ги дала работата со жените и децата се однесуваат на подобреното меѓусебно разбирање, намалувањето на радикализацијата, подобрата интеграција во општеството, вклучувањето на децата во училиште, градењето нови контакти и сл.






GCERF
MACEDONIAN
CENTER FOR
INTERNATIONAL
COOPERATION
MCIC
Тркалезна маса:
„Улогата на жените верски лидерки во
процесите на СНЕ и РРР: размена на искуства
меѓу Македонија и Албанија“
28 февруари, 2024
х.Холидеј Ин, Скопје, Р С Македонија